**ГРАД СКОПЈЕ**

**Предлагач: Градоначалник на Град Скопје**

**Изготвувач: Сектор за планирање и уредување на просторот**

**Претставник: Александар Јанакиески,**
помошник раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот

**П Р Е Д Л О Г – ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА НА ЗАБАВЕН ПАРК, НАБАВКА НА ОПРЕМА - РЕКВИЗИТИ И НИВНО МОНТИРАЊЕ**

Скопје, јануари 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02) и одлуката за проектирање, изградба на Забавен парк, набавка на опрема – реквизити и нивно монтирање („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/19 и 03/21) и нејзината измена, Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2022 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА НА ЗАБАВЕН ПАРК, НАБАВКА НА ОПРЕМА - РЕКВИЗИТИ И НИВНО МОНТИРАЊЕ

### Член 1

Во Програма за проектирање, изградба на забавен парк, набавка на опрема - реквизити и нивно монтирање („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/19 и 03/21), член 1 став 2 се менува и гласи:
“Деталниот опис и спецификација на активностите наведени во став 1 на овој член се согласно Одлуката за примање на донација од BAUSAA (BAUStudio architects associates) („Службен гласник на Град Скопје бр.8/19“), склучен договор заведен во Град Скопје со бр.08-7788/1 од 22.08.2019 година, со BAUSAA (BAUStudio architects associates) од Италија и договор бр.08-7358/1 од 29.07.2021 година, со Прима инженеринг ДОО – Скопје“.

Член 3, се менува и гласи:
“Финансиските средства за проектирање, изградба, набавка на опрема-реквизити и нивно монтирање ќе се обезбедат од Буџетот на Град Скопје за 2022, 2023 и 2024 година“.

Член 4, се менува и гласи:
“Реализацијата на програмата е предвидено да се одвива фазно во периодот од 2022-2024година и тоа:

- проектирање – 2022 година,
- изградба на инфрастртуктура, супраструктура и објекти – 2022 - 2024 година
- набавка на опрема - реквизити и нивно монтирање – 2022 - 2024 година“.

### Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________
_________2022година

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Скопје Трајко Славески

**Образложение**

Правен основ за донесување на прогрмата за изменување на програмата за проектирање, изградба на забавен парк, набавка на опрема - реквизити и нивно монтирање е член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02) согласно кој советот е надлежен за донесување на одлуки. Програмата се предлага и врз основа на одлуката за проектирање, изградба на Забавен парк, набавка на опрема – реквизити и нивно монтирање („Службен гласник на Град Скопје“ бр.16/19 и 03/21) и нејзината измена.

Советот на Град Скопје на Скопје во текот на Декември 2021 година, го усвои Буџетот на Град Скопје за 2022 година, заедно со неговите развојни програми за 2023 и 2024 година, потпрограмата GAA, ставки 480 и 481 предвидено е изработка на проект и изградба на Забавен парк, набавка на реквизити и нивно монтирање. Град Скопје со правниот субјект Прима инженеринг ДОО – Скопје има склучено договор бр. 08-7358/1 од 29.07.2021 година за изработка на проектно техничка документација за изградба на Забавен парк – Скопје, позиционирање на забавни реквизити и пропратни содржини, во кој е предвидено да се постават реквизитите согласно склучени договори за набавка, транспорт и монтажа на реквизити за забавен парк – Скопје со броеви 08-4844/21 од 29.11.2016, 08-4844/23 од 29.11.2016, 08-4844/20 од 27.02.2017, 08-4844/19 од 27.02.2017, 08-4844/24 од 27.02.2017, 08-4844/25 од 27.02.2017 и 08-4844/22 од 27.02.2017 година, кои се со вкупна вредност од 130.485.698,00 денари ( со ддв).

Врз основа на новата проектна документација ќе се започне со реализација на Забавниот парк.

Од овие причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената програма.